

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**26.03.2020-Четврток**

## ИНФОРМАЦИИ



**<u>Продолжува акцијата за донирање бесплатни маски на граѓаните</u>**

Продолжува акцијата за делење бесплатни заштитни маски во Гевгелија. Во периодот од 10 до 16 часот секој ден, бесплатните заштитни маски се делат на посебен пункт, поставен на градскиот плоштад, пред супермаркетот „Кит-Го".

Маските на граѓаните ги делат волонтерите на Невладината организација „Чејнџмејкерс" која се вклучи во реализацијата на оваа акција на Општина Гевгелија. Исто така, заштитни маски ќе се делат и во населените места, преку Општинските канцеларии и на други пунктови во населените места.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**26.03.2020-Четврток**




## Забрана за движење во сабота и недела од 16 до 5 часот

Владата на Република Северна Македонија на својата 28 седница го усвои Записникот од Десеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Корона вирус COVID-19, одржан на 25 март 2020 година.

Како дел од оваа точка, на предлог на Комисијата за заразни болести, и по заклучок на Главниот координативен кризен штаб за целосна координација за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот COVID-19, Владата донесе Одлука, измени и дополнувања на забраната на движење на целата територија на Република Северна Македонија за време на деновите на викендите.

Со овие измени и дополнувања забраната за движење во деновите на викендот, односно во сабота и недела, ќе започнува во 16:00 часот и ќе трае до 05:00 часот. Сите Јавни установи и приватни компании што работат за време на викенд, треба да се прилагодат на новите ограничувања за движење и да го завршат работниот процес најдоцна до 15:00 часот.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**26.03.2020-Четврток**



**Продолжува акцијата за дезинфекција на улиците и јавните повр шини**

Во Гевгелија продолжува акцијата за дезинфекција на улиците согласно донесениот План за дезинфекција на улиците и јавните површини. Имено, Општина Гевгелија во соработка со Центарот за здравје- ПЕ Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“ пред неколку дена почна со акцијата за дезинфекција на улиците во централното градско подрачје во Гевгелија. Веднаш потоа, во вечерните часови се дезинфицираат и другите улици и јавни површини, од страна на ЈПКД „Комуналец“, а под стручен надзор и упатства од Центарот за здравје- ПЕ Гевгелија.

Акцијата на одредени улици и површини ќе се повторува секој петти ден.






**<u>Наставниците од гевгелиските училишта ќе држат настава преку електронска платформа</u>**

Поради спречување за ширењето на Корона вирусот, а непречено да продолжи наставата, Владата на Република Северна Македонија ја воведува Едуино, првата национална платформа за далечинско учење.

Унифицираната платформа ја изработува Бирото за развој на образованието и УНИЦЕФ, а ќе може да ја применуваат сите наставници од гевгелиските Основни училишта и Средното училиште „Јосиф Јосифовски“. Платформата ќе нуди видео-лекции по сите задолжителни предмети кои ќе траат по 15 минути и ќе бидат придружени со презентација и објаснување од страна на наставник или наставничка кои ќе се пријават  за оваа цел. Веќе се пријавени околу 600 наставника.